Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-180/12
Датум: 27.05.2026

Постапувајќи по претставката бр. 08-180/1 од 5.2.2026 година, како и дополнувањата на претставката бр. 08-180/2 од 23.2.2026 година, 08-180/3 од 10.3.2026 година бр. 08-180/6 од 17.3.2026 година, 08-180/7 од 19.3.2026 година, 08-180/10 од 30.4.2026 година и 08-180/11 од 5.5.2026 година поднесени од ----, за заштита од дискриминација врз основа на попреченост, здравствена состојба и социјален статус, во областа на домувањето, против ---- и ----, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на член 21 став 1 точка 14 и член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на РСМ" бр. 258/2020) го донесе следното:

## М И С Л Е Њ Е

**СЕ УТВРДУВА ПРОДОЛЖЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз интерсекциска дискриминаторска основа** во областа на домувањето од страна на ---- кон подносителот ----.

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** од страна на ---- кон подносителот ----.

## О б р а з л о ж е н и е

На 5.2.2026 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на подносителот ---- против ---- и ----, како и дополнувањата на претставката бр. 08-180/2 од 23.2.2026 година, 08-180/3 од 10.3.2026 година бр. 08-180/6 од 17.3.2026 година, 08-180/7 од 19.3.2026 година, 08-180/10 од 30.4.2026 година и 08-180/11 од 5.5.2026 година.

Подносителот во претставката навел дека е припадник на безбедносните сили и дека неговата здравствена состојба произлегува од повреда здобиена при извршување службени задачи во 2001 година. Во таа насока, наведува дека бил ангажиран во резервниот состав на Министерството за внатрешни работи од 19.6.2001 година, а на ден 22.6.2001 година, **во село Арачиново, бил повреден при преземање вооружени дејствија против вооружени групи, од експлозивни средства, при што стекнал трајни последици**. Во прилог на овие наводи доставува уверенија издадени од надлежни институции, со кои се потврдува дека **повредата ја стекнал при извршување службени задачи и дека се смета за припадник на безбедносните сили**. Подносителот понатаму наведува дека врз основа на здравствената состојба стекната од наведената повреда, со Решение бр. ---- година му било утврдено својство на воен инвалид од V група со 70% инвалидитет, со решение бр. ---- година својство на воен инвалид од IV група со 80% инвалидитет, а со решение бр. ---- година, исправено со

решение бр. ---- година, **му било утврдено својство на воен инвалид од I група со 100% инвалидитет**. Исто така, наведува дека со решение бр. ---- година му било признаено право на додаток за нега и помош од друго лице, а со решение бр. ---- година право на надоместок за попреченост.

Во однос на **станбеното прашање**, подносителот наведува дека на ден 6.8.2002 година **поднел барање до** ----, заведено под архивски број ----, со кое побарал доделување на стан под закуп, повикувајќи се на Законот за посебни права на припадниците на безбедносните сили. Понатаму наведува дека со решение бр. ---- од 10.6.2003 година **му била доделена монтажна барака бр. ---- во населба ----, наместо стан**, по што на ден 26.6.2003 година склучил договор за закуп со надлежното акционерско друштво. Објектот уште од самиот почеток бил несоодветен за живеење, а состојбата значително се влошила во **2008 година**, кога **настанала поплава**. Според неговите наводи, по поплавата **објектот бил зафатен од вода, се појавила влага, оштетувања на ѕидовите и кровот, распаѓање на конструкцијата и нехигиенски услови, поради што станал небезбеден и неупотреблив**. Во прилог на овие наводи доставил фотодокументација, како и подоцнежен Записник од увид на лице место од 16.1.2020 година, во кој, како што наведува, е констатирано дека објектот е запуштен, руиниран и не вселив.

Поради тоа на 14.6.2010 година **поднесел барање до ----, со кое побарал доделување на стан под закуп, наведувајќи дека бараката е руинирана и дека не живее во неа поради несоодветните услови**. Во истото барање наведува и **пример на друго лице**, ----, на кое со решение бр. ---- од 15.5.2006 година му бил доделен стан со површина од 53,68 м$^2$, иако лицето имало понизок степен на инвалидност. Понатаму, се наведува дека на ден 26.7.2010 година, со известување бр. ----, подносителот бил известен дека неговото барање ќе биде разгледано кога ќе се создадат услови, без да биде донесена одлука по однос на неговото барање. Во наредниот период **се поднесувани повеќе ургенции и барања**, и тоа на 15.10.2013 година, 27.06.2014 година, 16.10.2015 година и 10.11.2017 година, како и дополнителни барања во 2020, 2022 и 2024 година, но дека ни **по нив не биле донесени одлуки во врска со проблемот на подносителот**. Во поднесокот од 3.8.2015 година, доставен преку адвокат, подносителот наведува дека се повикал на член 221 од Законот за општата управна постапка, укажувајќи дека надлежниот орган е должен да донесе одлука во законски рок, но дека тоа не било сторено.
Исто така, покрај барањата за доделување на стан, **барал и санација на доделениот објект**, сметајќи дека тоа е обврска на надлежното акционерско друштво согласно Договорот за закуп. Во врска со тоа наведува дека со одговор од 24.01.2020 година, **надлежното друштво го известило дека објектот е запуштен и руиниран, но дека не се во можност да извршат реновирање**, бидејќи немаат склучено договор со фирма за тековно одржување. И покрај тоа што објектот бил неупотреблив и не живеел во него, против него биле поведени постапки за наплата на закупнина и дека бил изложен на извршни постапки, односно дека **бил даден на извршител за наплата на кирија за**

**објект кој не можел да се користи.** Дополнително, се наведува дека во текот на годините бил изложен на други проблеми поврзани со објектот, вклучително и **насилно влегување во бараката**, за што доставил соодветна документација.

Понатаму наведува дека **неговата здравствена состојба значително се влошувала**, за што доставил медицинска документација од 2021 година, 2023 година и 2024 година, со која се утврдуваат **сериозни невролошки, ортопедски и психијатриски последици**, како и потреба од континуирана медицинска грижа.

На 28.4.2025 година поднел **претставка до Народниот правобранител**, во која укажал на долготрајното непостапување, како и дека со допис бр. ---- од 2.6.2025 година бил известен дека е покрената постапка. Дополнително наведува дека ---- со допис од 28.11.2025 година, архивски број ----, го известила Народниот правобранител дека предметот е во административна обработка, но дека и покрај тоа не била донесена одлука.

Врз основа на сето наведено подносителот сумира дека повеќе од две децении е изложен на институционално непостапување, управен молк и селектривен третман, како и дека поради тоа трпи последици по здравјето, достоинството и семејниот живот. И покрај сите доставени барања, ургенции, документација и укажувања за неговата здравствена и социјална состојба, неговото станбено прашање не е решено, не е донесена конечна одлука од надлежниот орган – ----. Освен тоа, тој за сите овие години бил упатуван од една во друга институција, не му било овозможено реновирање на објектот кој бил руиниран поради поплава, истовремено бил изложен на обврски за плаќање на закупнина и изврши постапки за објект, кој според неговите наводи бил небезбеден и неупотреблив за живеење.

Во дополнување на претставката подносителот доставил нови факти и докази, меѓу кои посебно се повикува на **ревизорски извештај од 2024 година за работењето на јавното претпријатие надлежно за управување со станбениот фонд** (----). Од содржината на наведениот ревизорски извештај, според неговото толкување, произлегува дека постојат категории на станови кои се евидентирани како **нераспределени, слободни, станови без донесени акти или решенија, како и станови со нерегулиран статус (вклучително и „диво вселени" или залихи)**. Според него, овие **докази се спротивни на претходните одговори на надлежните институции дека не постојат слободни станови.** Во таа насока подносителот потенцира дека **овој доказ кој укажува на постоење на станбен фонд со кој државата располага**, како и на евентуални неправилности или нецелосна евиденција во управувањето со станбените единици, што, според неговите наводи, има значење за неговиот случај и за постапувањето по неговите барања за доделување стан. Дополнително, овие наводи од ревизорскиот извештај ги поврзува со фактот дека во истиот временски период биле донесувани одлуки за доделување станови на други лица, што според него укажува на постоење на станбени ресурси, иако во неговиот

случај било наведувано дека нема слободни станови. Во однос на истото прашање напоменува дека во периодот од 2020 година наваму, релевантните податоци од Ревизорскиот извештај и Годишниот извештај за 2022 година укажуваат на значително покомплексна состојба од онаа што се презентира во јавноста или од страна на надлежните институции. „Особено релевантен е податокот дека во 2022 година постоеле вкупно 83 станбени единици „на залиха", односно слободни и нераспределени станови, од кои 29 се наоѓале во Скопје . Овие станови претставуваат експлицитно евидентирани слободни единици кои не биле доделени, ниту пак биле предмет на тековно користење, што недвосмислено укажува дека постоењето на слободни станови не може да се негира. Сепак, уште поважно од формално евидентираните „слободни" станови е фактот дека значителен дел од станбениот фонд е правно нерегулиран. Така, во 2022 година евидентирани се 1.055 станбени единици кои се користат без соодветен правен акт, односно без договор или решение за доделување. Дополнително, 1.980 станови се користат врз основа на времени решенија, што значи дека нивниот статус не е трајно уреден и подлежи на преиспитување. Во посебна категорија се вбројуваат и 1.208 станови со специфичен или нерегулиран статус, меѓу кои има и нераспределени единици. Овие податоци јасно покажуваат дека прашањето за „слободни станови" не може да се сведува само на формално евидентираните 29 станови во Скопје, туку мора да се разгледува пошироко, земајќи ја предвид целокупната структура на управување со станбениот фонд. Големиот број на станови со нерешен или привремен статус укажува на системски слабости во управувањето и отвора простор за нивна прераспределба, односно за нивно ставање во функција согласно законските критериуми."

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави Барање за произнесување по претставката до ---- и до ----.

Во поднесокот за произнесување друштвото наведува дека на подносителот ---- му била доделена монтажна барака бр. ---- во населба ----, врз основа на решение бр---- од 10.6.2003 година, донесено од страна на ----, како и дека подносителот има склучено Договор за закуп со друштвото под архивски број ---- од 30.6.2003 година. Во однос на монтажната барака се наведува дека е во многу лоша состојба и дека нема услови за живеење, вратите и прозорците се искршени и објектот е обраснат со трева. Поради тоа, за предметниот објект бил донесен **Налог за престанок на фактурирање на закупнина** бр. ---- од 19.2.2024 година, врз основа на записник бр. ---- од 13.2.2024 година. Понатаму, во произнесувањето **друштвото наведува дека не носи одлуки за доделување на станови, туку постапува исклучиво врз основа на одлуки донесени од** ----, како и дека не располага со станбен фонд кој е определен за припадници на безбедносните сили и нивните семејства. Воедно, се наведува дека евентуалното доделување на стан може да се реализира само од слободни станови со кои располага друштвото, доколку Комисијата донесе соодветна одлука.

Во прилог на поднесокот за произнесување се доставени и дополнителни докази, меѓу кои: Записник од теренска контрола со архивски број ---- од 13.2.2024 година, во кој, според содржината, е наведено дека објектот е „руиниран, запуштен, со искршени прозорци и врати и не е погоден за живеење“, Записник од теренска контрола со архивски број ---- од 10.3.2026 година, како и Записник со архивски број ---- од 17.2.2025 година, со кои се вршат дополнителни контроли на состојбата на објектот.

**Во поднесокот за произнесување по претставката,** ---- наведдува дека предметното барање на подносителот на претставката се наоѓа во тековна управна постапка. Според нив **не станува збор за институционален молк, туку за постапка која е во тек и се наоѓа во фаза на конечно решавање**. Во таа насока се наведува дека по извршениот увид во архивата и евиденцијата на Комисијата, предметот бил целосно комплетиран, при што било констатирано дека е потребна правна и техничка обработка на документацијата, по што ќе следи донесување на соодветен управен акт. Понатаму, во произнесувањето се наведува дека **должината на постапката не е резултат на личниот статус или здравствената состојба на подносителот, туку дека се должи на објективна потреба од системско усогласување на сите поднесени барања со расположивиот станбен фонд**. Воедно, се наведува дека документацијата била во согласност со законските норми за постапување, поради што предметот бил ставен во фаза на финално одлучување. Поради тоа потенцираат дека не постои дискриминација во конкретниот случај, бидејќи тековно се постапува со цел предметот да добие соодветна завршница преку донесување на управен акт, за што навремено ќе го известат подносителот.

**Комисијата за спречување и заштита од дискриминација**, ценејќи ги наводите од претставката, наводите од поднесоците за произнесување, обемниот доказен материјал доставен од подносителот на претставката, доказите доставени од ---- и ---- ја утврди следната фактичка состојба и донесе одлуката:

Од утврдените факти произлегува дека подносителот е лице кое има статус на **воен инвалид**, при што повредата ја стекнал при извршување службени задачи во 2001 година, а во текот на годините неговата здравствена состојба е континуирано влошувана, при што со правосилни решенија му е утврден **100% воен инвалидитет и потреба од постојана нега и помош од друго лице**. Овен тоа подносителот е **родител на три деца, од кое едното со тешка вродена дијагноза Q06**. Ваквата состојба го става подносителот во **особено ранлива положба**, за која државата има засилени позитивни обврски.

Комисијата утврди дека **постапката за решавање на станбеното прашање на подносителот започнала уште во 2002 година**, со поднесување на барање за доделување стан под закуп, но наместо стан, во 2003 година му бил доделен **монтажен објект – барака**, која во текот на времето станала несоодветна за живеење, а по поплавата во 2008 година и фактички неупотреблива. Оваа состојба е потврдена и со

повеќе записници од увид на лице место, вклучително и записник бр. ---- од 13.2.2024 година, како и со произнесувањето на надлежното акционерско друштво од 16.3.2026 година, во кое експлицитно се наведува дека објектот е **„во многу лоша состојба“ и дека „нема услови за живеење“**. И покрај ваквата состојба, Комисијата утврди дека во период од повеќе од **две децении (2002–2026) не е донесена конечна одлука за решавање на станбеното прашање на подносителот**, иако истиот континуирано поднесувал барања, ургенции и дополнувања, а воедно доставувал и обемна медицинска и друга документација. Понатаму, Комисијата ја имаше предвид и околноста дека и покрај тоа што објектот бил утврден како неупотреблив, подносителот бил изложен на обврски за плаќање закупнина и извршни постапки, сè до донесување на налогот за престанок на фактурирање на закупнината бр. ---- од 19.02.2024 година, што **дополнително ја влошило неговата материјална и социјална состојба.** Комисијата, исто така, ја разгледа и околноста дека надлежниот орган во произнесувањето наведува дека постапката е „во тек“ и дека се наоѓа во фаза на финално одлучување. Меѓутоа, Комисијата оцени дека **ваквото повикување на тековност на постапката не ја отстранува фактичката состојба на долготрајно непостапување, имајќи предвид дека станува збор за период кој значително ги надминува сите разумни и законски рокови.**

Особено значајно за оценката на Комисијата е и фактот што според ревизорските извештаи и другите доставени докази, **постојат податоци за постоење на станбен фонд**, вклучително и станбени единици на залиха, како и станови со нерегулиран статус, што укажува дека не станува збор за апсолутен недостиг на станбени ресурси, туку за прашање на нивна распределба и управување. Дополнително, од анализа на Законот за домување, Законот за општата управна постапка, во корелација со Одлуката за распределба на социјални станови и условите за нивно користење, донесена во рамки на Програмата за изградба, продажба и одржување на станбени објекти произлегува дека надлежниот државен орган има обврска за формирање на ранг – листа што е всушност основа за одлучување и обврска за донесување на поединечни управни акти во законски предвиден рок. Во случајот произлегува дека по барањата на подносителот не е донесен поединечен управен акт во опфатениот период, ниту пак е јасно утврдено дали и на кој начин бил рангиран во однос на други баратели. Поради тоа Комисијата констатира дека не станува збор за изолиран пропуст или поединечен административен акт, туку за **континуирано и долготрајно непостапување**, кое има за **последица ставање на подносителот во понеповолна положба во однос на други лица во споредлива ситуација**. Ова, особено што од доставените докази од подносителот произлезе дека на други лица – воени инвалиди им се обезбедени станови. Во таа насока, Комисијата утврди дека постои **јасна врска помеѓу ваквото постапување и личната карактеристика на подносителот, односно неговата специфична ранлива положба – лице со попреченост и воен инвалид, имајќи предвид дека токму поради неговата состојба тој е во поголема зависност од институционална поддршка и заштита.**

Во конкретниот случај станува збор за **интерсекциска дискриминација,** имајќи предвид дека институционалното занемарување не може да се објасни само преку една заштитена карактеристика на подносителот, туку преку нивното заемно дејство, кое пак го става подносителот во многу потешка положба од другите категории граѓани. При ваквата констатација Комисијата ценеше дека подносителот е воен инвалид со 100 % телесно оштетување, кое пак е стекнато токму во воени околности, поради што користи постојана нега и помош. Тој истовремено е татко на три деца, од кои едното со вродена здравствена состојба. Тој и неговото семејство поради елементарна непогода останале без сопствен дом, а истовремено долги години се наоѓа во состојба на социјална и станбена несигурност. Пресекот на овие лични својства и ранливости, како и нивното меѓусебно дејство го доведуваат подносителот во специфична ранлива положба поради која тој има потреба од приоритетна и засилена заштита од државата.

Имајќи ја предвид утврдената фактичка состојба, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и утврди продолжена, интерсекциска дискриминација во областа на домување од страна на ---- кон ----. Во однос на наводите за дискриминација кон ----, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира дека правното лице нема пасивна легитимација за дискриминација, поради што не утврди дискриминација.

**Согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, ***Дискриминација*** *е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.*

**Согласно член 4, став 1, точка 12 од истиот закон, Продолжена дискриминација** *е дискриминација што е вршена врз едно лице или група непрекинато, во подолг временски период, врз дискриминаторски основи.*

**Согласно член 4, став 1, точка 13 од истиот закон**, **Интерсекциска дискриминација** *е секоја дискриминација врз две или повеќе дискриминаторски основи што се истовремено и неразделно поврзани.*

**Согласно член 13, како потежок облик на дискриминација**, *во смисла на овој закон, се смета повеќекратна дискриминација, интерсекциска дискриминација, повторена дискриминација и продолжена дискриминација.*

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова Мислење и согласно член 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ја донесе следната:

## П Р Е П О Р А К А

СЕ ПРЕПОРАЧУВА ---- да одлучи по барањето на подносителот ----, земајќи ја предвид неговата специфична ранливост образложена со ова Мислење, **во рок од 30 дена од прием на Мислењето и за тоа писмено да ја извести Комисијата за спречување и заштит од дискриминација.**

СЕ ПРЕПОРАЧУВА ---- да обезбеди транспарентност на методологијата и критериумите за распределба на становите, водејќи сметка за повеќекратните ранливости на барателите на станови.

**Доколку лицето не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација**, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, **ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка против одговорното лице пред надлежен суд за прекршоци**.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Душан Томшиќ

Доставено до:

- ----
- ----
- ----